Менаџмент на пациенти

ТРИЈАЖА , АНАМНЕЗА И ЗАКАЖУВАЊЕ НА ПАЦИЕНТ ПО ТЕЛЕФОН

Низок ризик: без епидемиолошки или клинички ризик фактори

Третирај ги состојбите дозволени во Ниво 2 ограничувања, со стандардна претпазливост. Користи испирање на уста од најмалку 30 секунди пред интервенција со хидроген 1% или Бетадине 1% , по можност користи кофердам/тимска работа за сите интервенции при кои се создаваат аеросоли

Позитивен на Ковид-19

Потврден случај

(највисок ризик)

Одложи ги сите интервенции и упати го пациентот во соодветна установа

За обезбедување на итен третман, да се користат мерки на претпазливост против воздушно ширење на вирусот, кои вклучуваат третман со користење на најмалку FFP3 респиратор кој е проверен дали одговара за време на употреба и останата задолжителна опрема согласно препорачаниот протокол

Ова обично се врши во соодветна јавна здравствениа установа од соодветно обучен кадар.

Висок ризик (веројатен случај) според епидемиолошките или клиничките критериуми, постоење на висок ризик или географска предиспозиција

Одложи ги сите не-итни интервенции и/или упати го пациентот во соодветна установа (матичен лекар или Центар за Јавно здравје

За обезбедување на итен третман користи мерки на претпазливост против капково пренесување на вирусот, покрај стандардните мерки на претпазливост и дополнителен соодветен сет на ЛЗО кој вклучува водоотпорни наметки за еднократна употреба. Се врши само третман при кој не се создаваат аеросоли или каде аеросолите се ограничени и по можност со користење на кофердам. Пациентот да Ви биде последен закажан за тој ден, да се избегнувј пациентот да чека во чекалната, да се користи испирање на уста пред интервенција, по што се стават сите предмети што се за фрлање во посебна ќеса пред да ги фрлите во кантата за отпадоци, двапати исчисти ги сите површини кои се потенцијално контаминирани, со употреба на детергент и дезинфициенс според протоколите против ширење на вирусот.

Среден ризик (сомнителен случај) според епидемиолошките И клиничките критериуми

Одложи ги сите не-итни интервенции

За обезбедување на итен третман користи мерки на претпазливост против капково пренесување на вирусот, покрај стандардните мерки на претпазливост. Врши само третман при кој не се создаваат аеросоли или каде аеросолите се ограничени.Пациентот да Ви биде последен закажан за тој ден, избегнувај пациентот да чека во чекалната, користи испирање на уста пред интервенција, стави ги сите предмети што се за фрлање во посебна ќеса пред да ги фрлите во кантата за отпадоци, двапати исчисти ги сите површини кои се потенцијално контаминирани, со употреба на детергент и дезинфициенс според протоколите против ширење на вирусот.

Се однесува на целосно дефинираните случаи во склоп на протоколи за стоматолошките здравствени установи од Стоматолошка комора на Македонија, достапно на www.skm.mk